Со одржувањето на почетниот состанок на партнерите, на 20 април 2011 година, започна релизацијата на проектот „Прекуграничен форум на граѓанското општество“. Проектот опфаќа активности за размена на искуства, комуникација, координација и соработка меѓу граѓанските организации од пограничните региони на Македонија и Албанија.




Во следните 12 месеци ќе бидат организирани осум тематски состаноци, една обука и една работилница за вмрежување и партнерство, како и НВО Саем. Активностите ќе се спроведуваат во полошкиот и југозападниот регион на Македонија и во регионите на Дибра и Елбасан во Албанија.Спроведувањето на проектот е во партнерство со Институтот за демократија и медијација (ИДМ) од Албанија и Еколошко друштво „Дешат“ од Дебар. Проектот е финансиран од Европската комисија, во рамките на втората компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), поточно на првиот повик за прекугранична соработка меѓу Македонија и Албанија. Буџетот на проектот изнесува 102.625 евра за двете земји (58.047 за Македонија), во кои ЕК  учествува со 85 %.